РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-502/1
27.04. 20 21 Год.

Архивски знак 0306
Рок на чување 10 ЗОЗ
201 год. Потпис

Врз основа на донесената Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска поддршка на задруженија и фондации од Буџетот од општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево „ бр.12/2018), Градоначалникот на општина Крушево објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Крушево за 2021 година за здруженија и фондации од Општина Крушево.**

Јавниот повик се распишува за доделување на финансиските средства предвидени во Ставката 463 - Трансфер до Невладини организации од Буџетот на Општина Крушево за 2021 година. Вкупниот износ на средства од Ставката 463 изнесува 325 000,00 ден. и тоа за потпрограмите **463110, 463160, 463190** - трансфери до Здруженија на граѓани и фондации, хуманитарни организации и други непрофитни организации износот е 125 000,00 денари и за потпрограмата **463120** трансвер до спортски клубови 200 000,00 денари. Средствата на Здруженијата на граѓани и фондациите, хуманитарни организации и други непрофитни организации ќе се доделат еднократно, додека на спортските клубови ќе се доделат двократно.

**Право на учество**

Како субјекти кои можат да конкурираат со свои проекти се определуваат Здруженијата и Фондации, со седиште во Општина Крушево. Резултатите од спроведените проекти/програми ќе бидат остварени во општина Крушево.

**Основни критериуми кои треба да ги исполнуват Здруженијата и Фондациите кои учествуваат на овој повик се:**
-корисниците да се регистрирани согласно Законот за здруженијата и фондации;
-корисниците да имаат седиште во Општина Крушево;
-да се регистрирани најмалку три месеци пред датумот на ојавувањето на повикот
-активностите задолжително да се одвиваат на територијата на Општина Крушево

**Посебни критериуми кои треба да ги исполнуват Здруженијата и Фондациите кои учествуваат на овој повик се:**
- Предложените цели и активности од Годишните програми да кореспондираат со Стратешките – развојни документи на Општина Крушево
- Доделените средства да се користат исклучително за покривање на директните трошоци, односно за реализација на активности предвидени во годишната програма.

**Времетраење**

Предвидениот период за реализација на активности да биде заклучно со 31 декември 2021 година со евентуално барање за продолжување на истите заради оправдани причини.

**Потребна документација која Здружението или Фондацијата треба да ги достави кон Пријавата.**

Покрај пријавата за финансиска поддршка, Здружението или фондацијата која треба да биде пополнета /со печатни букви во кирилско писмо/ потпишана од застапникот , заверена со печат и штембил, Здружението или Фондацијата задолжително треба да ги достави следниве прилози:
1. Пополнета „Пријава“ која може да се симне од веб страницата на Општина Крушево
2. Годишна програма за работа за 2021 година
3. Копија од Решението за упис во регистарот на Здруженија и Фондации,
4. Профил на организацијата со референтна листа на досега реализирани проекти
5. Извештај за добиените средства од Општината Крушево во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација.
6. CV (кратка биографија) на главниот вклучен персонал
7. Меморандум за соработка помеѓу партнерите

**Јавниот повик е објавен на Огласна табла на Општина Крушево и на Веб странатa www.krusevo.gov.mk**
Датум на објавување на јавниот повик: 28 април 2021 год.
Краен рок за доставување на пријавите: 27 мај 2021 год.

Потребната документација можи да ја подигните од Општина Крушево или да ја симнете од објавата на Јавниот повик на ВЕБ страната на Општина Крушево.

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта или лично на адреса:

**Општина Крушево - Одделение за ЛЕР**
**Ул.„Никола Ѓурковиќ“Бр.16**
**Крушево**
**На пликот во горниот лев агол треба да стои „Не отварај“, а во долниот десен агол За јавен повик по Ставка 463 -Трансфер до Невладини организации**
**Напомена**: Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Здруженијата или Фондациите учеснички на огласот ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општината Крушево за 2021 година, наменети за финансирање на програмски активности на Здруженија и фондации.

Лице за контакт:
Кире Аврамоски
Самостоен референт во Одделение за ЛЕР/Општина Крушево
Тел:++389 78 838 329
mail: kire.avramoski@krusevo.gov.mk

**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Томе Христоски**